**Фокусот, како што истакна Рисима Рисимкин од "Интерарт", е ставен на танцовите форми, кои се дел од европската културна меморија, со посебен осврт на балканскиот регион.**

**Претседателот на МАНУ, Цветан Грозданов, посвети беседа на танцот и на кратко ја раскажа неговата историја на нашите простори и како танцот бил прикажан во средновековната уметност.**

Пишува: **Милева ЛАЗОВА**

## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА



РИСИМА РИСИМКИН Е ИНИЦИЈАТОР ЗА ОТВОРАЊЕ НА АКАДЕМИЈА ЗА СОВРЕМЕН ТАНЦ

# ТАНЦОТ, ЕСТЕТСКА ВЕРТИКАЛА НА ЧОВЕКОВАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

Во Македонската академија на науките и уметностите, на 6 и на 7 декември, се одржа Меѓународната конференција за танц на тема "Танцот како израз на културните разноликости". Ова е проект на културниот центар "Интерарт", кој има цел да го издигне современиот танц во Македонија на повисоко, академско ниво. На Конференцијата учествуваа академици, професори, теоретичари, кореографи и танчари од Македонија, Србија, Бугарија, Словенија, Финска, Германија, Австралија...

Кореографката Рисима Рисимкин, член на Управниот одбор на Меѓународниот совет за танц на УНЕСКО - CID (Council International Dance) и професор на Европската филмска академија ECPA, е задоволна што прв пат со целосна поддршка на УНЕСКО на академско ниво во Македонија се одржува конференција за танцот.

Фокусот, како што истакна Рисимкин, е на танцовите форми кои се дел од европската културна меморија, со посебен осврт на балканскиот регион. Се дискутираше на теми - танцовите разлики како проекција на културните разлики во светот, танцот како духовно наследство во кое се импрегнирани традиционалните и современите културни специфики и разлики, семиотиката на танцот како проекција на културната семиотика, танцот како заедничко место на меморијата на балканските, европските и светските култури, танцот како културна и уметничка алатка во водењето дијалог меѓу цивилизациите, функцијата на танцот во надминувањето на границите меѓу културите, и танцот како специфична дискурзивна практика која го хуманизира и облагородува поединецот.

Оваа меѓународна конференција ја поздрави и министерот за култура Арификмет Џемаили, кој истакна дека танцот е дел од нашето културно наследство.

"Поаѓајќи од фактот дека танцот е стар колку и човекот и дека на почетокот беше движењето, а не зборот, можеме само да претпоставиме колку танцот е дел од нашата историја, меморија, од нашето културно наследство. Во согласност со заложбите на УНЕСКО, која во последно време ѝ се посветува на заштитата на нематеријалната култура, се радувам што и во Македонија се дејствува на полето на танцот. Овде танцот е дел од идентитетот на сите заедници кои живеат во неа. Со разгледувањето на разликите можеме да кажеме дека одиме напред во градењето на општеството, во кое културите се допираат", рече министерот Џемаили.

Своја реч на отворањето имаше и претседателот на МАНУ, Цветан Грозданов, кој потенцираше дека нема директна врска со танцот и дека се занимава со средновековна уметност, во која е вклучено и црковното пеење. Тие сцени, главно, се илустрирани од Стариот и од Новиот завет.

"Господине Џемаили, уште пред промената на религиозните конфесии, целиот овој простор бил христијански и сите биле сплотени во христијанската религија, а потоа минале во други конфесии. Така, на христијанството му претходи вашата тетовска Менада, таа не е христијанска, но вие сте од Тетово и му припаѓате на народот од тој регион. Вас ве запознав како раководител на хор во Тетово, кога настапивте во чест на посетата на Исмаел Кадаре. На чело на танцот во средновековната уметност била пророчицата Марија, од израелско племе, која престојувала во Египет. Во играта неа ја следеле седум израелски девојки", кажа академик Грозданов.

Според академик Катица Ќулавкова, танцот е естетска вертикала на човековата цивилизација, неконфликтен, катарзичен универзализам, кој има и социјална функција.

"Танцот е проекција на темелен цивилизациски архетип - игра на телото во неговата уметничка изведба, упатен секогаш од себе кон другиот, кон гледалиштето, кон сценскиот медиум. Танцот е заборавање на прикажаната, помнење

**Научната конференција за современиот танц се одржува со поддршка на УНЕСКО, а како што најавува Рисимкин, идната година во Македонија ќе се формира тело на CID - УНЕСКО, Совет за танц. Покрај тоа за 2008 година во план е да се одржи и специјализиран конгрес за современ танц на регионално ниво, исто така, во организација на CID - УНЕСКО.**

**Инаку, Рисима Рисимкин откри дека постои и иницијатива за отворање академија за современ танц во Македонија, како и посебна културна институција на чија сцена би се играле модерни танцови дела, жанр кој сепак ретко е застапен на сцената на МОБ.**



# КА ВЕРТИКАЛА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

**Интересно е да се напомне дека по завршувањето на Конференцијата ќе биде издадена публикација, која ќе ги сумира истражувањата и дискусиите на сите овие теми врзани за современиот танц. Публикацијата ќе биде издадена двојазично, на македонски и на англиски јазик, а уредник ќе биде академик Катица Ќулавкова.**

на емоциите, на синергијата на играта и на историјата", објасни академик Катица Ќулавкова, на отворањето на конференцијата.

На дводневната работната сесија, со свои ставови за танцовата уметност говореа гости од Финска, Германија, Словенија, како и неколкумина наши кореографи, професори, писатели.

Во рамките на Конференцијата, покрај научниот дел, на 6 декември на малата сцена во Драмски театар, беа изведени фрагменти од новиот проект на Рисима Рисимкин, "Куќата на Алба", кој ќе има своја премиера наредната година. Станува збор за танцово дело работено по мотиви на познатото дело на Фредерико Гарсија Лорка, "Домот на Бернарда Алба".

"Со презентација на фрагменти од претставата цел е да се добие една вечер во која ќе се види малку од современиот танц во Македонија", вели кореографката Рисима Рисимкин.

ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА
ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 OTSTO
POPUST ZA STOMA TOLO[KI USLUGI
VO ORDINACIJATA "DENTA NOVA"